A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-560/1
10.11.2017 год.
ЗРНОВЦИ

Врз основа на член 6 од Правилникот за стипендирање на новозапишани студенти студенти и на ученици од основно образование при ООУ ,, Синиша Стоилов ,, Зрновци од општината Зрновци од Општина Зрновци, Градоначалникот на Општината распишува:

**КОНКУРС**

За доделување на стипендии на новозапишани студенти и на ученици од основно образование при ООУ ,, Синиша Стоилов ,, Зрновци од општината Зрновци

Согласно Правилникот за стипендирање на новозапишани студенти од Општина Зрновци на универзитетите во Република Македонија и ученици од основното образование при ООУ Синиша Стоилов Зрновци од општина Зрновци Градоначалникот на Општина Зрновци распишува Конкурс за прибирање пријави за доделување на стипендии за новозапишани студенти и ученици од ООУ Синиша Стоилов од Зрновци .

**Право на стипендија имаат студентите и учениците кои се:**

- Жители на општината Зрновци со населените места кои припаѓаат на општината Зрновци );
- Државјани на Република Македонија;
- Новозапишани редовни студенти и ученици
- Не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании;

**За доделување на стипендија за новозапишани студенти се утврдуваат следните критериуми:**

1. Остварен успех во текот на средното образование 4 и 5 (четири и пет),

   По овој основ може да се добијат најмногу **40** бода.

2. Дефицитарност на кадрите што за секоја студиска година ја утврдува со посебна Одлука Градоначалникот на општина .

   По овој основ може да се добијат најмногу **10** бода

3. Материјалните можности на студентот и неговото семејство за кој се земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РМ за последните 3 (три )месеци.

   По овој основ може да се добијат најмногу **50** бода.

**За доделување на стипендии за ученици се утврдува следниот критериум**

1.Дете на само хран родител.

По овој основ може да се добијат најмногу **100** бода.

**Кон Пријава се приложуваат следните документи:**

1. Потврда за редовно запишан зимски семестар за прва година за студентот а за ученикот потврда за редовен ученик
2. Изјава за семејната состојба на студентот заверена кај нотар;
3. Уверение за приходи од земјоделска или друга дејност на студентот и на членовите на неговото семејство;
4. Потврда за висината на платите на членовите на семејството на студентот;
5. За членовите на семејството на студентот пензионери-испратница од пензија за последниот месец;
6. За невработените членови на семејството на студентот Потврда од Агенцијата за вработување дека се невработени или примаат паричен надоместок;
7. Потврда за самохрана мајка за ученикот

Заинтересираните новозапишани студенти и ученици Пријавите по распишаниот конкурс ги доставуваат до Општина Зрновци на адреса ,, Општина Зрновци ул. Илинденска бб Зрновци .

**Конкурсот трае 10 дена**

**Рокот за поднесување на пријавите е до 23.11.2017 година**

Некомплетните пријави и пријавите кои ќе се доставаат после предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Бр. ______________

__________________ год.

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Градоначалник
Блаже Станков